Бр./Nr 12-372/2
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со број 12-1890/1 од 02.07.2025 година оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности и незаконитости во постапка по поднесена пријава за запишување на промени во катастар на недвижности, спроведена од страна на овластени службени лица во Агенција за катастар на недвижности во Куманово, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што за случајот постапил друг надлежен орган - Управен Суд Скопје.

Предметот со број 12-1890/1 од 02.07.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 02.07.2025 година, од страна на познат подносител до ДКСК доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности и незаконитости во постапка по поднесена пријава за запишување на промени во катастар на недвижности, спроведена од страна на овластени службени лица во Агенција за катастар на недвижности во Куманово. Подносителот на пријавата исто така, има поднесено Иницијатива за вонреден инспекциски надзор до Државниот управен инспекторат на ден 17.04.2025 година.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави барање за доставување на информации до Државниот управен инспекторат ( во понатамошниот текст: ДУИ). ДУИ ја извести ДКСК со Известување број ИП1.бр------------, во кое се наведува дека од нивна страна било констатирано дека согласно со надлежностите

утврдени со член 2 од Законот за управната инспекција[1] истиот не е надлежен да постапува по поднесената иницијатива.

Согласно наводите изнесени во иницијативата со која лицето бара доставување на списи и податоци потребни за во друга постапка се покренуваат прашања регулирани согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[2] односно, член 30 став 1 алинеа 2 од истиот закон, каде е предвидено: „Агенцијата има надлежност да се грижи за спроведување на одредбите од овој закон......", како и во Глава VIII „Прекршочните одредби" каде е предвидено изрекување на прекршок за неовозможување на пристап до информации од јавен карактер.

ДУИ, согласно со член 40 став 7 од Законот за општата управна постапка[3], иницијативата ИП1 бр.--------- од 17.04.2025 година, ја препратил на натамошно постапување до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Од документација приложена кон пријавата, ДКСК утврди дека по пријавените наводи, има постапено Управниот суд и има донесно Пресуда со број У-1.бр.------- и У-1.бр.-----------, со која тужбата со предлог за донесување на времена мерка на тужителот ------------------ ------------------- од Куманово, поднесена против Потврдата за одбивање на пријавата за запишување на промена во катастарот на недвижности поради несоодветност на податоците бр.-------------------- од 30.11.2018 година, на тужениот орган Агенција за катастар на недвижности, Одделение за катастар на недвижности Куманово, се одбива како неосновална.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган - Управниот СУД - Скопје, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК

Доставено до: Подносителот на пријавата

---

[1] („Службен весник на Република Македонија" бр.69/04, 22/07,115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен Весник на РСМ" бр.103/21, 208/24 и 272/24")

[2] („Службен Весник на РСМ" бр.101/2019)

[3] („Службен Весник на Република Македонија" бр. 124/2015)